**20161894166**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОКОТ НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 12 октомври 2016 година.

Бр. 08-4295/1
12 октомври 2016 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОКОТ НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ

Член 1

Во Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија” број 44/99, 86/99, 8/2001, 21/2003, 19/2004, 33/2006, 101/2006, 114/2007, 103/2008, 114/2009, 133/2009, 95/10, 102/10, 24/11, 135/11, 155/12, 12/14, 112/14, 130/14, 15/15, 129/15, 225/15 и 23/16), во членот 14 став (3) во точката 9 сврзникот „и” на крајот од реченицата се заменува со точка и запирка.

Во точката 10 точката на крајот од реченицата се заменува со сврзникот „и” и се додава нова точка 11, која гласи:

„11. Обезбедување на пристап до мрежата на електрична енергија во случај на загушување на соодветна алокациска единица при доделување на прекуграничните преносни капацитети на интерконективните водови.”.

Член 2

Во членот 30 став (1) во точката 16 сврзникот „и“ на крајот од реченицата се заменува со точка и запирка.

Во точката 17 точката на крајот од реченицата се заменува со сврзникот „и“ и се додава нова точка 18, која гласи:

„18. Пелети, печки на пелети и котли на пелети.”.

Член 3

Во членот 41 став (2) зборовите: „да поднесе периодичен финансиски извештај од одобрените фискални системи на опрема за регистрирање на готовински плаќања и” се бришат.

Член 4

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”, а одредбата на членот 3 ќе се применува од 1 јануари 2017 година.